РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-3267/1
18-09-2020 г./v.

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава за корупција од познат подносител, физичко лице, на 38-та седница, на продолжението на седницата одржано на ден 14 Септември 2020 година донесе

**Одлука**

Постапката покрената по пријавата бр. 12-2354/1 од 10.04.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од познат подносител, физичко лице – ---------------------- од -------------, а со која се изразува незадоволство и сомневања за коруптивни дејствија во постапка за вработување на ---------------------------- извршители – ---------------------------- за потребите на -------------------------, ------------ по јавниот оглас ------------------- од ----------------година СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино понатамошно надлежно постапување во предметот со број 12-2354 од 2019 година оформен врз основа на пријавата бр. 12-2354/1 од 10.04.2019 година .

Предметот со број 12 – 2354 од 2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Примерок од одлуката да се достави до подносителот на пријавата.

**Образложение**

Предметот со број 12-2354 од 2019 година е оформен врз основа на пријава бр. 12-2354/1 од 10.04.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од познат подносител, физичко лице – ----------------------------------- од ----------------------, а со која се изразува незадоволство на подносителот и сомневања за коруптивни дејствија во постапка за вработување на ---------------извршители – -------------------------------- - за потребите на ------------------------------------- по јавниот оглас бр. -------------- од --------------------- година.

Пријавата за овој пријавен случај содржи наводи за незадоволство од извршениот избор на кандидати за вработување и сомневања за прекршувања на постапката за вработување од аспект на спроведеното тестирање и на необјавување на бодирањето на пријавените кандидати, како и други наводи, меѓутоа сите - општи, неопределени и кои не се однесуваат на конкретно прекршување, ниту на определено/и службено/и лице/а кое/и учествувало/е во постапката, а не се посочува ниту еден или повеќе кандидати од аспект на даден приоритет при изборот за вработување.

При постапувањето по предметниот пријавен случај Државната комисија за спречување на корупцијата ги зема во предвид наводите на подносителот, како е погоре наведено, а заради целосно утврдување на фактичката состојба изврши и соодветни административни проверки по однос на нивната веродостојност и основаност на начин што презема процесни дејствија – достава на барање за податоци, информации и документација од работодавачот --------------------------------, ------------------------.

Последователно, по достава на барањето, до Државната комисија за спречување на корупцијата беше/е доставен писмен одговор од -------------------------------------- - --------------------, со прилог документација од предметната постапка за вработување вклучително и изготвената ранг листа на пријавените -------------------- кандидати и одлуката за избор на кандидати за вработување. Видно од одговорот на --------------- работодавач во постапката по предметниот оглас за вработување, во делот за прием на -------------------------, неизбраните кандидати не користеле правно средство/жалба против одлуката за избор донесена од работодавачот.

Од сите прибавени и расположиви списи и документација за овој пријавен случај Државната комисија констатира дека наводите и сомневањата изнесени од подносителот на пријавата, како е погоре наведено, како и од аспект на прекршување на постапката за вработување и евентуално фаворизирање на одредени кандидати не се потврдуваат и се неосновани, а постапката за вработување, во која неизбраните кандидати не го користеле правото на жалба на одлуката за избор, според оценка на Државната комисија за спречување на корупцијата била/е спроведена согласно позитивните законски прописи.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Оваа одлука е конечна и против неа не е дозволена жалба.

**Одлучено на ден 14 Септември 2020 година под бр. 12- 3267 / 1**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Софка Пејовска Дојчиновска**

По заклучок на ДКСК

Изработил: Х.М., Советник

Одобрил Г. Т., Член на ДКСК

Доставено до :

- Архива
- Подносител

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e MaqedonisësëVeriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk